АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ
Су.бр.03-273/18
15.05.2018 година
С к о п ј е

# З А П И С Н И К

Од работната од работна средба на граѓанските оддели на Апелационите судови Битола, Гостивар, Скопје и Штип за воедначување на судската пракса одржана на 12 и 13 април 2018 година, со следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување и усогласување на ставови по правни прашања од граѓанска област

На средбата покрај судиите од Апелационите судови учествуваше и судијата Лидија Тасева - Претседател на одделот за судска пракса на Врховниот суд на РМ.

Со средбата претседаваше модераторот - судијата Јованка Никодиновска претседател на трговскиот оддел при Апелациониот суд Скопје и ги презентираше спорните прашања доставени од граѓанските оддели на четирите Апелациони судови.

На средбата беа поставени 9 прашања, од кои Апелациониот суд Битола постави 5 прашања, Апелациониот суд Гостивар 1 прашање, Апелациониот суд Скопје постави 2 прашања и Апелациониот суд Штип 1 прашање.

На средбата беа разгледувни следните правни прашања:

1.Дали претпоставените наследници на починатото физичко лице кое е запишано во Имотен лист како сосопственик на недвижен имот, имаат пасивна легитимација во постапката за физичка делба на недвижниот имот или во постапката за уредување на меѓи, иако недвижниот имот во катастарската евиденција е запишан во сопственост на нивниот покоен правен претходник.

2. Дали во постапка за физичка делба на заеднички имот може да се оддели само реалниот дел на предлагачот или реалните делови на дел од сосопствениците, а останатиот дел да остане во сосопственост на останатите сопственици или при делбата мора да се одделат реалните делови на сите сосопственици запишани во имотниот лист.

3. Дали може да се отфрли жалба поднесена од полномошник адвокат која не содржи податок за електронско сандаче за достава, во случај кога жалбата е поднесена против решение со кое била отфрлена тужбата во фаза на претходно

испитување на тужбата од исти причини, а по изјавената жалба не биле превземени дејствија од страна на првостепениот суд со достава на истата до спротивната страна.

4. Во Законот за вработените во јавниот сектор предвидено е дека работниот однос може да се трансформира од определено на неопределено работно време само за замена на отсутен работник ако по истекот на рокот од две години отсутниот работник не се врати на работа, па при ваква состојба дали може да се прифати дека институтот трансформација на работниот однос целосно е уреден со овој закон. Доколку не се прифати дека трансформацијата на работниот однос е целосно решено со Законот за вработените во јавниот сектор и треба да се примени Законот за работните односи, дали трансформацијата на работниот однос од определено на неопределено време во смисла на член 46 став 4 од ЗРО, треба да бидат обезбедени средства за неопределено работно време.

5. Во член 91 од Колективниот договор на Електрани на Македонија во државна сопственост предвидено е дека за денови поминати на годишен одмор работникот добива регрес за годишен одмор во висина на 1 просечно исплатена месечна плата во Републиката последните три месеци, а најдоцна до третиот квартал од годината. Како спорно се поставува прашањето кога стасува обврската за исплата на регрес за годишен одмор, дали на 01.10. наредната година за претходната година, дали на 01.07 наредната година за претходната година или 01.01. наредната година за претходната година.

6. Во случај кога од страна на првостепениот суд рочиштето не е тонски снимено поради тоа што согласно годишниот распоред одредени судии не се распоредени да судат во судници каде има можност за тонско снимање, а воедно и на записник не потенцирал дека нема услови за тонско снимање, а во жалбите против тие одлуки нема конкретен жалбен навод за тоа, дали во жалбена постапка треба да се укинуваат овие одлуки поради суштествена повреда на постапката од член 343 став 2 точка 17 од ЗПП, или само во случаи кога има жалбен навод за тоа.

7. Дали со престанок на должноста извршител, извршителот кој е физичко лице со јавни овластувања одговара за долговите што ги направил додека ги вршел тие јавни овластувања.

8. Дали надоместокот за користење на паркинг за возила, за паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата застарува за три години согласно член 363 од ЗОО, или за две години согласно член 8 вв со член 3 став 1 точка 3 и член 7 од Законот за комунални такси.

9. Дали во спорови по основ надомест на нематеријална штета при ангажирање на вешти лица лекари специјалисти како и во спорови за надомест на материјална штета при изготвување на стручен наод, мислење и проценка од страна на вешто лице (од други области) треба да се применуваат одредбите од член 236 од ЗПП или вештачењето треба да биде извршено од лица наведени во член 5 од Законот за вештачење и член 7 од Законот за процена.

1. По однос на првото прашање поставено од Апелациониот суд Битола дали претпоставените наследници на починатото физичко лице кое е запишано во Имотен лист како сосопственик на недвижен имот, имаат пасивна легитимација во постапката за физичка делба на недвижниот имот или во постапката за уредување на меѓи, иако недвижниот имот во катастарската евиденција е запишан во сопственост на нивниот покоен правен претходник, преставникот на овој суд судијата Лиле Наумовска наведе дека повод за поставување на прашањето е што во судот биле донесени различни одлуки па од страна на Основниот суд Прилеп било иницирано да се расправа пред Апелациониот суд по ова правно прашање. Наведе дека на оддел при Апелациониот суд Битола било поставено прашањето и еден дел од судиите сметале дека претпоставените наследници на починатото лице можат да бидат учесници и во постапката за физичка делба и во постапката за уредување на меѓи, иако во катастарската евиденција како сопственик на недвижниот имот е запишан нивниот правен претходник кој сега е покоен. Другото мислење на дел од судиите е дека претпоставените наследници немаат пасивна легитимација и не можат да бидат учесници во постапката за физичка делба, бидејќи во постапката треба да бидат опфатени сите носители на правото на сопственост запишани во имотниот лист, па ако некој е покоен потребно е претходно да се расправа оставината на покојниот, па да се запишат наследниците како сопственици во имотниот лист, за да може да се води постапката, па без да се расправа оставината на покојниот сметаат дека неможе да се изврши физичка делба.

Преставникот на Апелациониот суд Гостивар судијата Велко Страшевски истакна дека прашањето било разгледувано и бил завземен едногласен став дека претпоставените наследници можат да бидат учесници во постапката и во оваа смисла веќе биле донесени одлуки.

Преставникот на Апелациониот суд Скопје судијата Катерина Георгиевска наведе дека прашањето било разгледувано во граѓанскиот оддел и судиите биле едногласни дека претпоставените наследници не може да бидат пасивно легитимирани без да се расправа оставината на покојниот, бидејќи истите не се запишани како сопственици во имотниот лист и сеуше не се знае кој од нив ќе се прифати за наследник и ќе биде запишан како сопственик во имотниот лист. Потребно е прво да се расправи оставината на покојниот па потоа да се врши физичка делба. Наведе дека во Апелациониот суд Скопје не се донесени различни одлуки по ова правно прашање.

Преставникот на Апелациониот суд Штип судијата Наќе Георгиев - Претседател на Апелациониот суд Штип наведе дека мислењата во судот по ова правно прашање се поделени и не е донесен единствен став. Се приклонува на мислењето на Апелациониот суд Скопје.

Со оглед да постојат различити мислења по однос на ова прашање и нема мнозинство, судиите од сите четири апелациони судови постигнаа согласност прашањето да се достави до Врховниот суд на РМ за да завземе начелен став.

Присутните судии заради воедначување на судската пракса и избегнување на донесување на различити одлуки, се согласија до донесување на начелниот став од страна на Врховниот суд на РМ да се применува следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**Претпоставените наследници на починатото физичко лице кое е запишано во имотен лист како сосопственик на недвижен имот, немаат пасивна легитимација во постапката за физичка делба на недвижен имот или во постапката за уредување меѓи.**

2. По однос на второто прашање поставено од Апелационен суд Битола дали во постапка за физичка делба на заеднички имот може да се оддели само реалниот дел на предлагачот или реалните делови на дел од сосопствениците, а останатиот дел да остане во сосопственост на останатите сопственици или при делбата мора да се одделат реалните делови на сите сосопственици запишани во имотниот лист, преставникот на овој суд наведе дека прашањето било иницирано од страна на Основниот суд Прилеп и Основниот суд Охрид. Во ситуација на делба на заеднички имот каде како сосопственици се повеќе лица, посебно кај денационализацијата и еден предлагач има интерес да се одвои неговиот имот, се наметнало прашањето дали може да се изврши физичка делба само на еден или неколку реални делови од имотот а останатите делови да останат во сопственост на останатите сопственици. Дел од судиите сметале дека може да се оддели само дел од имотот, а останатиот дел да остане во сосопственост на останатите, а поголемиот дел од судиите сметале дека неможе да се изврши делба само на еден дел од имотот, а другиот дел да остане во сосопственост на останатите учесници, со тоа што немало мнозинство за усвојување на ваков заклучок.

Претставникот на Апелациониот суд Гостивар наведе дека по разгледување на прашањето било донесено мислење и тоа едногласно дека може да се изврши физичка делба само на еден дел од имотот.

Претставникот на Апелациониот суд Скопје наведе дека по разгледување на прашањето судиите едногласно заклучиле дека неможе да се врши физичка делба со еден сосопственик, туку дека во физичката делба треба да учествуваат сите сосопственици. Наведе дека во пракса не се донесени различити одлуки.

Претставникот на Апелациониот суд Штип наведе дека во пракса имале вакви предмети кои потекнуваат од денационализација на имот и во пракса се вршат вакви делби помеѓу РМ и физички лица. Претставниците на Апелациониот суд Штип како претседатели на совети на состанокот изјавија дека заради воедначување на судската пракса се приклонуваат на мислењето дека не може да се врши физичка делба со еден сосопственик на имот, туку во постапката треба да учествуваат сите сосопственици.

Со оглед да постојат различни мислења по ова правно прашање судиите постигнаа согласност прашањето да се достави до Врховниот суд на РМ за завземање на единствен начелен став, и се согласија до завземањето на начелниот став од страна на Врховниот суд на РМ да се применува следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**Во постапката за физичка делба на заеднички имот, неможе да се одделат само реалниот дел на предлагачот, а останатиот дел од имотот да остане во сосопственост на останатите сосопственици, и при делбата мора да се одделат реалните делови на сите сосопственици запишани во имотниот лист.**

3. По однос на третото прашање дали може да се отфрли жалба поднесена од полномошник адвокат која не содржи податок за електронско сандаче за достава, во случај кога жалбата е поднесена против решение со кое била отфрлена тужбата во фаза на претходно испитување на тужбата од исти причини, а по изјавената жалба не биле превземени дејствија од страна на првостепениот суд со достава на истата до спротивната страна, преставникот на Апелациониот суд Битола судијата Жаклина ДоведеН наведе дека истото е поставено заради зачестена пракса да се доставуваат неуредни жалби. Појасни дека во ова прашање фактички содржани се три ситуации. Едната ситуација е кога уште со тужбата односно одговорот на тужбата биле наведени податоци за електронско сандаче, а во жалбата тоа било пропуштено да се наведе, па Апелациониот суд Битола смета дека по таква жалба бидејќи во дотогашниот тек на постапката податокот за електронско сандаче бил познат, нема место за отфрлање на жалбата. Втората ситуација е кога во тужбата или во други поднесоци не биле наведени податоци за електорнско сандаче а тоа не било сторено ниту во жалбата, тогаш првостепениот суд ќе цени дали жалбата е уредна се до фаза на достава на жалбата на одговор на другата страна, и ако жалбата не ги содржи сите податоци меѓу кои и податок за електронско сандаче, првостепениот суд ќе ја отфрли жалбата како неуредна. Првостепениот суд не може да ја отфрли жалбата како неуредна поради немање на податок на електронско сандаче ако жалбата е доставена на одговор на противната страна. И третата ситуација е кога тужбата не содржела податок за електронско сандаче, па првостепениот суд во текот на претходно испитување на тужбата донел решение и ја отфрлил тужбата, на кое решение е поднесена жалба која не содржи податоци за електронско сандаче, па првостепениот суд жалбата ја отфрлил. Доколку била поднесена жалба која содржи податок за електронско сандаче, второстепениот суд по жалбата може да постапува.

Претставникот на Апелациониот суд Гостивар наведе дека како во случајот има три ситуации Апелациониот суд Гостивар се согласува со ставот на Апелациониот суд Битола.

Претставникот на Апелациониот суд Скопје наведе дека во трговскиот оддел на Апелациониот суд Скопје е прифатен ставот на Апелациониот суд Битола, но дека има и различни мислења поаѓајќи од содржината на одредбата од член 98 став 3 и 4 од ЗПП. Во став 3 од одредбата наведено е што поднесоците мораат да содржат, а во ставот 4 е наведено што треба поднесоците да содржат.

Во граѓанскиот оддел при Апелациониот суд Скопје преставникот наведе дека ситуацијата е иста, но дека има и различити мислења на околноста дали може да се ускрати правото на жалба.

Претставникот на Апелациониот суд Штип го прифаќа ставот на Апелациониот суд Битола но наведе дека треба да се води сметка да не се ускрати правото на жалба.

После изнесувањето на ставовите на сите Апелациони судови по ова спорно прашање присутните судии констатираат дека е донесен следниот:

## З А К Л У Ч О К

**Жалбата поднесена од полномошник адвокат која не содржи податок за електронско сандаче за достава, а по изјавената жалба не биле превземени дејствија со доставување на жалбата на одговор до противната страна, ќе се отфрли.**

**Доколку во тужбата, одговорот на тужба или во други поднесоци биле наведени податоци за електронско сандаче, а тоа не било сторено во жалбата и во жалбата не се наведени податоци за електронско сандаче, жалбата нема да се отфрли и по истата ќе се постапува, бидејќи во дотогашниот тек на постапката биле познати податоците за електронско сандаче.**

**Ако во тужбата одговорот на тужба или во други поднесоци не се наведени податоци за електронско сандаче за достава, а тоа не било сторено ниту во жалбата, па жалбата не содржи податок за електронско сандаче, а жалбата била доставена на одговор до спротивната страна, жалбата неможе да се отфрли како неуредна поради немање на податок за електронско сандаче за достава.**

4. По однос на четвртото прашање поставено од Апелационен суд Битола дека во Законот за вработените во јавниот сектор предвидено е работниот однос да може да се трансформира од определено на неопределено работно време само за замена на отсутен работник ако по истекот на рокот од две години отсутниот работник не се врати на работа, па при ваква состојба дали може да се прифати дека институтот трансформација на работниот однос целосно е уреден со овој закон. Доколку не се прифати дека трансформацијата на работниот однос е целосно решена со Законот за

вработените во јавниот сектор и треба да се примени Законот за работните односи, дали трансформацијата на работниот однос од определено на неопределено време во смисла на член 46 став 4 од ЗРО, треба да бидат обезбедени средства за неопределено работно време, преставникот на Апелациониот суд Битола, судијата Петкана Јадровска наведе дека трансформацијата на работниот однос од определено на неопределено време е уредена со ЗРО. Но, со стапување во сила на Законот за вработени во јавен сектор и со одлука донесена од страна на Врховниот суд, во праксата се јавил проблем дали за вработените во јавниот сектор трансформацијата на работнио однос од определено на неопределено работно време, целосно е уредена со Законот за вработените во јавниот сектор и работниот однос може да се трансформира само во еден случај и тоа за замена на отсутен работник, или ќе се примени и Законот за работни односи. Ставот на Апелациониот суд Битола е едногласен дека трансформацијата на работниот однос од определено на неопределено време за вработените во јавниот сектор - даватели на јавни услуги, целосно е решен со Законот за вработените во јавниот сектор.

Претставникот на Апелациониот суд Гостивар изјави дека по однос на ова прашање мислењата на судиите од Апелациониот суд Гостивар се поделени.

Претставникот на Апелациониот суд Скопје наведе дека по стапувањето во сила на Законот за вработените во јавниот сектор на подрачјето на Апелациониот суд Скопје нема судска пракса и не е одлучувано по ваков вид на предмети.

Претставникот на Апелациониот суд Штип го прифаќа ставот на Апелациониот суд Битола дека трансформацијата на работниот однос од определено на неопредлено време се врши према одредбите од посебниот Закон односно Законот за вработените во јавниот сектор.

Претставникот на Апелациониот суд Скопје, претставникот на Апелациониот суд Гостивар го прифаќаат мислењето на Апелациониот суд Битола.

После изнесувањето на ставовите на Апелационите судови по однос на ова правно прашање донесен е следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За вработените во јавниот сектор, трансформацијата на работниот однос од определено на неодредено време целосно е уредена со Законот за вработените во јавниот сектор.**

Воедно донесен е заклучок да се побара од Врховниот суд на РМ да се зазема начелен став.

Точката 2 од поставеното прашање со оглед дека е завземен став отпаѓа.

5. По однос на петото прашање поставено од Апелационен суд Битола, дека во член 91 од Колективниот договор на Електрани на Македонија во државна сопственост предвидено е дека за денови поминати на годишен одмор работникот добива регрес за годишен одмор во висина на 1 просечно исплатена месечна плата во Републиката последните три месеци, а најдоцна до третиот квартал од годината, како спорно се поставува прашањето кога стасува обврската за исплата на регрес за годишен одмор, дали на 01.10. наредната година за претходната година, дали на 01.07 наредната година за претходната година или 01.01. наредната година за претходната година, па преставникот на Апелационен суд Битола судијата Петкана Јадровска наведе дека од страна на судовите различито се постапува по однос на прашањето кога настанува обврската за исплата на регрес на годишен одмор. Ставот на Апелациониот суд Битола е дека во сите Колективни договори каде што точно е наведено кога обврската стасува за исплата, не е спорно, но таму каде што не е уредено се јавува спорно прашањето кога обврската стасува за исплата.

Преставникот на Апелационен суд Гостивар по однос на спорното прашање изјави дека судиите од овој суд сметаат дека обврската за исплата на регрес за годишен одмор стасува за наплата на 01.01. наредната година за тековната година.

Преставникот на Апелационен суд Скопје наведе дека доколку прашањето е регулирано со Колективниот договор тогаш обврската за исплата на регрес за годишен одмор стасува према одредбите од Колективниот договор, а ако не е регулирано регресот стасува за исплата до 31.12. во годината.

Преставникот на Апелационен суд Штип по однос на спорното прашање изјави дека во Колективниот договор е уредено прашањето кога стасува обврската за исплата на регрес за годишен одмор, а тоа е квартално, па произлегува дека тоа е 01.10. во годината. Останатите периоди наведени во прашањето не произлегуваат од Колективниот договор на Електрани на Македонија и ставот на Апелациониот суд Штип е едногласен дека обврската за исплата на регрес на годишен одмор стасува на 01.10. во годината.

По изнесувањето на ставовите на Апелационите судови, се констатира дека по ова прашње не може да се донесе единствен заклучок бидејќи постојат различити мислења. Но, претставниците на Апелациониот суд Скопје, Гостивар и Битола го прифаќаат мислењето на Апелациониот суд Штип, дека обврската за исплата на регрес на годишен одмор стасува на 01.10. годината.

Со оглед да нема различити мислења се констатира дека е донесен следниот:

## З А К Л У Ч О К

**Обврската за исплата на регрес за годишен одмор согласно член 91 од Колективниот договор на Електрани на Македонија стасува за наплата на 01.10.тековната година.**

Воедно е донесен заклучок да се побара од Врховниот суд на РМ да заземе начелен став.

6. По однос на шестото прашање поставено од Апелационен суд Гостивар, во случај кога од страна на првостепениот суд рочиштето не е тонски снимено поради тоа што согласно годишниот распоред одредени судии не се распоредени да судат во судници каде има можност за тонско снимање, а воедно и на записник не потенцирал дека нема услови за тонско снимање, а во жалбите против тие одлуки нема конкретен жалбен навод за тоа, дали во жалбена постапка треба да се укинуваат овие одлуки поради суштествена повреда на постапката од член 343 став 2 точка 17 од ЗПП, или само во случаи кога има жалбен навод за тоа, преставникот на Апелациониот суд Гостивар наведе дека причината за поставување на ова прашање се предметите по кој што постапуваат судиите во стечајните одделенија каде во сите судници во кој што судат овие судии не се опремени за тонско снимање и сите судии по годишниот распоред не се распоредени да судат во судници каде има тонско снимање.

Преставникот на Апелационен суд Битола по однос на поставеното прашање наведе дека постапувањето на судот во врска со повредата наведена во член 343 став 2 точка 17 од ЗПП, е по службена должност, и доколку нема констатација на записник дали постојат услови рочиштето тонски да се снима, па ако накнадно се прибави службена белешка во врска со овој податок, таквата службена белешка која што накнадно е прибавена се прифаќа.

Преставникот на Апелационен суд Скопје од граѓанскиот оддел наведе дека не наведувањето на податокот дали постојат услови рочиштето тонски да се снима, претставува битна повреда на постапката, при што судиите од граѓанскиот оддел не прифаќаат отстранување на оваа повреда со прибавување на службена белешка од судот.

Преставникот на Апелационен суд Скопје од трговскиот оддел наведе дека за да не се укинуваат веднаш одлуките во трговскиот оддел, судиите предметите каде што недостасува податок дали во судницата има услови за тонско снимање предметите административно ги враќаат за да се прибави таков податок, па потоа се одлучува по жалбата.

Преставникот на Апелационен суд Штип наведе дека е потребно на записник да се наведе податок дали има услови за тонско снимање на рочиштето.

Со оглед да нема различити мислења се констатира дека е донесен следниот:

## ЗАКЛУЧОК

**Првостепениот суд во записникот за расправата задолжително треба да констатира дали има услови за тонско снимање на рочиштето. Доколку ваква**

**констатација на записник нема, а праправата не е тонски снимена, првостепениот суд сторува суштествена повреда на постапката на која второстепениот суд внимава по службена должност.**

7. По однос на седмото прашање поставено од Апелационен суд Скопје, дали со престанок на должноста извршител, извршителот кој е физичко лице со јавни овластувања одговара за долговите што ги направил додека ги вршел тие јавни овластувања, преставникот на Апелациониот суд Скопје од граѓанскиот оддел наведе дека причина за поставување на истото е што во рамките на судот има различна пракса и донесени се различни одлуки. Ставот на Апелациониот суд Скопје - граѓанскиот оддел е дека извршителот кој е физичко лице со јавни овластувања со престанокот на должноста извршител, одговара за долговите што ги направил додека ги вршел јавните овластувања како извршител. Преставникот на Апелационен суд Скопје од трговскиот оддел смета дека извршителот кој е запишан во Централниот регистар како субјект и има единствен даночен и единствен матичен број на субјектот е правно лице. Со престанувањето на овластувањата на извршител, неможе одпочнатото извршување према извршителот да продолжи према физичкото лице. Према член 19 од Законот за извршување извршувањето се спроведува и према лице кое во извршната исправа не е означено како доверител или како должник, ако има заверена исправа дека побарувањето е пренесено. Во услови кога постои престанување на овластување на извршителот, неможе да дојде до промена на должникот и тоа од извршител на физичкото лице. Појасни дека во рамките на трговскиот оддел мислењето на судиите е едногласно и ваква пракса се применува и во предметите каде што се јавуваат нотарите.

Преставникот на Апелационен суд Битола изјави дека по разгледување на прашањето, прифатено е мислењето дадено од страна на грѓанскиот оддел даден од страна на Апелациониот суд Скопје.

Преставникот на Апелационен суд Гостивар наведе дека по разгледување на прашањето, прифатено е мислењето дадено од страна на грѓанскиот оддел даден од страна на Апелациониот суд Скопје.

Преставникот на Апелационен суд Штип наведе дека по разгледување на прашањето, прифатено е мислењето дадено од страна на грѓанскиот оддел даден од страна на Апелациониот суд Скопје.

По изнесување на ставовите на Апелационите судови констатирано е дека е донесен заклучок со мнозинство на гласови, и тоа

## З А К Л У Ч О К

**Со престанок на должноста извршител, извршителот кој е физичко лице со јавни овластувања, одговара за долговите што ги направил додека ги вршел јавните овластувања на извршител.**

8. По однос на осмото прашање поставено од граѓанскиот оддел на Апелационен суд Скопје, дали надоместокот за користење на паркинг за возила, за паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата застарува за три години согласно член 363 од ЗОО, или за две години согласно член 8 вв со член 3 став 1 точка 3 и член 7 од Законот за комунални такси, преставникот на Апелациониот суд Скопје од граѓанскиот оддел наведе дека причина за поставување на прашањето е донесување на различни одлуки во граѓанскиот оддел. Наведе дека во случајов се работи за комунална услуга и се поставува прашањето во кој рок побарувањето застарува, дали во рокот определен према Законот за облигациони односи или према одредбите од посебниот Закон односно Законот за комунални такси, односно дали во рок од две години према посебниот Закон или во рок од три години према Законот за облигациони односи.

Преставникот на Апелационен суд Битола наведе дека прашњето било разгледано од страна на судиите во одделот, при што судиите иразиле различни мислења, но дека од изразените мислења мнозинството на судиите сметаат дека побарувањето за комунални услуги застарува за две години према одредбите од посебниот Закон.

Преставникот на Апелационен суд Гостивар наведе дека по разгледување на спорното прашање судиите сметаат и изразуваат став дека побарувањето за наплата на надоместок за користење на паркинг за возила и за паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, застарува према одредбите од посебниот закон односно за две години.

Преставникот на Апелационен суд Штип наведе дека прашањето било разгледано од страна на судиите и дека судиите се на ставот дека во случајов се применува рокот за застареност утврден во посебниот Закон па дека побарувањата застаруваат за две години.

По изнесување на ставовите на судиите од Апелационите судови се констатира дека е донесен следниот

## З А К Л У Ч О К

**Побарувањата за користење на паркинг за возила, за паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, застаруваат во рок определен со посебниот Закон, односно Законот за комунални такси и изнесува две години.**

9. По однос на деветото прашање поставено од страна на Апелационен суд Штип, дали во спорови по основ надомест на нематеријална штета при ангажирање на вешти лица лекари специјалисти како и во спорови за надомест на материјална штета при изготвување на стручен наод, мислење и проценка од страна на вешто лице (од други области) треба да се применуваат одредбите од член 236 од ЗПП или вештачењето треба да биде извршено од лица наведени во член 5 од Законот за

вештачење и член 7 од Законот за процена, преставникот на Апелациониот суд Штип наведе дека во судот бил прифатен ставот дека вештаците треба да имаат лиценца и тогаш во смисла на член 236 од ЗПП, има услови да бидат вештаци и се прифаќале нивните вештачења. Но, сега во последно време во жалбите се истакнуваат жалбени наводи по однос на вештачењата дека медицинските вештачења треба да бидат извшени согласно член 5 од Законот за вештачење преку медицински установи а не изготвени од самите лекари специјалисти кои што поседуваат лиценца. Воедно, се поставува прашњето и дали вештачењата по основ материјална штета и проценка на истата, треба да бидат изготвени од вешти лица кои поседуваат лиценца и да бидат регистирани како трговци поединци или трговско друштво согласно одредбите од Законот за трговските друштва во смисла на член 5 од Законот за вештачење и проценител регистриран согласно член 7 од Законот за процена. Судиите од Апелациониот суд Штип имале различити мислења и тоа едното дека вештачењата треба да бидат изготвени од лица предвидени според Законот за вештачење и Законот за процена а другото мислење дека вештачењата се вршат од лица кои ги исполнуваат условите од член 236 од ЗПП.

Преставникот на Апелационен суд Битола по поставеното прашње наведе дека истото било разгледано и донесено е мислење дека во случајов потребно е вештаците да ги исполнуваат условите предвидени во член 236 од ЗПП.

Преставникот на Апелационен суд Гостивар изјави дека во пракса немаат вакви жалбени наводи и судиите немаат заедничко мислење.

Преставникот на Апелационен суд Скопје изјави дека во граѓанскиот оддел биле поставени вакви жалбени наводи по којшто се одлучувало и ставот на судиите од граѓанскиот оддел е дека треба да се применува одредбата од член 236 од ЗПП за вештаците и член 7 за процентелите од Законот за процена.

По изнесување на ставовите со оглед да нема различити мислења донесен е следниот

## З А К Л У Ч О К

**При изготвување на стручен наод и мислење и определување на вешти лице се применуваат одредбите од член 236 од ЗПП и вештите лица можат да вештачат ако имаат лиценца за вештачење и се запишани во регистарот на вештаци, без оглед дали се регистрирани како трговци поединци или во трговско друштво согласно Законот за трговски друштва.**

Претседател на
Трговски оддел -Судија
Јованка Никодиновска